

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 78,
МЕСЕЦ
МАРТ2026

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ РАБОТИ СО ЦЕЛАТА СВОЈА МЕХАНИЗАЦИЈА, КАКО И СО ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ, НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ. СТАНУВА ЗБОР ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦА ОД КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ, НА ПОТЕГОТ ОД СЕВЕРЕН БУЛЕВАР ДО СПОЈОТ НА ЛЕВИОТ И ДЕСНИОТ КОЛЕКТОР, СО ШТО СЕ ЗАОКРУЖУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА НАЈЗАСТАРЕНИОТ И НАЈПРОБЛЕМАТИЧЕН ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ. ДЕЛНИЦАТА Е ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ, ПРИ ШТО СЕ ПОСТАВУВААТ КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО Ф1000. ИСКОПОТ И МОНТАЖНИТЕ РАБОТИ ГИ ИЗВЕДУВА ЈП КОМУНАЛЕЦ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ЗАФАТ ЗНАЧИТЕЛНО СЕ ПОДОБРУВА ФУНКЦИОНАЛНОСТА И СИГУРНОСТА НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ. УВИД ВО АКТИВНОСТИТЕ ИЗВРШИЈА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ДИРЕКТОРОТ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.





ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ СПА ЦЕНТАР, КАКО ДОГРАДБА НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИОТ ОБЈЕКТ – ЗАТВОРЕН БАЗЕН, НА ПОВРШИНА ОД 240 М$^2$.
СПА ЦЕНТАРОТ ЌЕ РАСПОЛАГА СО:

- ПАРНА БАЊА
- САУНА
- ЏАКУЗИ
- ТОПЛИ ЛЕЖАЛКИ / КЛУПИ
- ДЕЛ СО ТУШЕВИ
- СОБЛЕКУВАЛНИ
- ПРОСТОРИИ ЗА МАСАЖА
- ПРЕДПРОСТОР СО ТОАЛЕТ И ТУШ ЗА МАСАЖА
- ТЕХНИЧКИ ПРОСТОРИИ

СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ПРОШИРУВА ПОНУДАТА НА ЗАТВОРЕНИОТ БАЗЕН И СЕ СОЗДАВААТ НОВИ МОЖНОСТИ ЗА РЕЛАКСАЦИЈА И РЕКРЕАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО БАРАЊЕ НА МЗ СОПОТ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ЗА 2026ГОД СО МЕХАНИЗАЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО АТАРОТ НА С.СОПОТ ( СОПОТСКО ПОЛЕ).





ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА РЕЗЕРВОАРОТ ЗА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ КОЈ Е СО КАПАЦИТЕТ ОД 150М3 ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО ДОЛЖИНА ОД 6,4 КМ" ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА ДА ИНВЕСТИРА ВО МОДЕРНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ.





ТАМПОНИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦАТА „ДОСТОЕВСКА", ПО ШТО ЌЕ СЛЕДУВА И НЕЈЗИНО АСФАЛТИРАЊЕ, СЕ РЕАЛИЗИРА КАКО ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2025 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ Е „ГРАДБА ПРОМЕТ".

ПРЕТХОДНО, ЈП „КОМУНАЛЕЦ" ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА НА ГЛАВНАТА МРЕЖА, КАКО И НА СЕКУНДАРНИТЕ ПРИКЛУЧОЦИ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНИОТ ЦЕВКОВОД ЗА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ НА ПОТЕГОТ СТРАГОВО - КРЊЕВО, ВО ДОЛЖИНА ОД 6,5 КИЛОМЕТРИ.

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ, А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ Е 20 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.





Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ НАБАВИ 50 НОВИ КОНТЕЈНЕРИ ОД 1,1 М$^{3}$, СО КОИ ЌЕ БИДАТ ЗАМЕНЕТИ ДЕЛ ОД СТАРИТЕ И ДОТРАЈАНИ КОНТЕЈНЕРИ А ДЕЛ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ ПРЕД НОВИТЕ КОЛЕКТИВНИ СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ.



ПО БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА „СТРАШО ПИНЏУР", ЗАПОЧНАВМЕ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДВЕ ВАЖНИ АКТИВНОСТИ:

ИЗРАБОТКА НА ТРИ НОВИ РЕШЕТКИ НА УЛ. „ДИМЕ ПОЦЕВ"

ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА УЛ. „БИГЛА" ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ, СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ 250 И НОВИ РЕШЕТКИ.

СО ОВА, ТРАЈНО СЕ РЕШАВА ПРОБЛЕМОТ СО АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ НА ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.

ЦЕЛОКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА И ИЗВЕДБА СЕ РЕАЛИЗИРА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.

ПАРАЛЕЛНО, СЕ ВРШИ И КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ СО АСФАЛТ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ.

СЕ РАБОТИ ПОСВЕТЕНО, ЧЕКОР ПО ЧЕКОР, ЗА ПОУРЕДЕН И ФУНКЦИОНАЛЕН ГРАД.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ "СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕ" КОЈ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ 2 ГОДИНИ ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ВО СОРАБОТКА СО УНДП. НА ОВАА ЛОКАЦИЈА СЕ ПРЕДВИДУВА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 15 000 МЕТРИ КВАДРАТНИ И ПОКРИВАЊЕ НА КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 760 МЕТРИ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ, ПРОСТОРОТ ЌЕ ДОБИЕ НОВ, СОВРЕМЕН И ЕКОЛОШКИ ИЗГЛЕД, КОЈ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ. КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО УРЕДЕНА И ЗЕЛЕНА УРБАНА ЦЕЛИНА, НАМЕНЕТА ЗА РЕКРЕАЦИЈА, ПРОШЕТКА И ПРИЈАТЕН ПРЕСТОЈ, КАКО ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН ПООДРЖЛИВ И ПОЧИСТ ГРАД.





ВО ТЕК Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНА ПАТЕКА ДО СОБЛЕКУВАЛНИТЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО МАРЕНА, КАКО И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР.
ОВИЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ СЕ ДЕЛ ОД КОМУНАЛНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





ОТКАКО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ ТРИ ЛИНИИ – ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА ВО ДОЛЖИНА ОД 160 МЕТРИ, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ДЕНЕС СЕ ПРИСТАПИ КОН УРЕДУВАЊЕ НА РОВОТ.
ЕДЕН ДЕЛ ОД ТРАСАТА БЕШЕ УРЕДЕН СО ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕКАТОН КОЦКИ, ДОДЕКА ДРУГИОТ ДЕЛ БЕШЕ АСФАЛТИРАН.
ЦЕЛОКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА И ИЗВЕДБАТА НА РАБОТИТЕ СЕ РЕАЛИЗИРАНИ ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО АСФАЛТИРАЊЕ.
ОТКАКО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ ТРИ ЛИНИИ – ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА ВО ДОЛЖИНА ОД 160 МЕТРИ, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ДЕНЕС СЕ ПРИСТАПИ КОН УРЕДУВАЊЕ НА РОВОТ.
ЕДЕН ДЕЛ ОД ТРАСАТА БЕШЕ УРЕДЕН СО ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕКАТОН КОЦКИ, ДОДЕКА ДРУГИОТ ДЕЛ БЕШЕ АСФАЛТИРАН.
ЦЕЛОКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА И ИЗВЕДБАТА НА РАБОТИТЕ СЕ РЕАЛИЗИРАНИ ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.



ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ. ЗАДРУГАРСКА. СЕ ВРШИ ПРИПРЕМА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ИСТАТА УЛИЦА, ВО ДОЛЖИНА ОД 250 МЕТРИ И ШИРИНА 6 МЕТРИ.
ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ОД 5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.





НАПРЕДУВААТ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗАТВОРЕНИОТ БАЗЕН НА ЛОКАЦИЈА НА ПОРАНЕШНА ЛА ЛУНА.
ОВОЈ ЗАТВОРЕН БАЗЕН Е СО ДИМЕНЗИИ ОД 25/9 И ДЛАБОЧИНА ОД 1.20 МЕТРИ И ИСТИОТ ПРВЕНСТВЕНО ЌЕ СЕ КОРИСТИ ЗА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА, НО И РЕКРЕАТИВНО ЌЕ МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ И СИТЕ ОСТАНАТИ ГРАЃАНИ.



ИНВЕСТИРАМЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ.
ВО ТЕК Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И ЕДНА ПРИСТАПНА УЛИЦА ВО С.РЕСАВА. СЕ ПОПЛОЧУВА НА ПОВРШИНА ОД 600 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО МИХАЈЛОВО.

ИЗГРАДЕНО Е НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО МИХАЈЛОВО, ЧИЈА СОДРЖИНА ОСВЕН СО ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ Е ЗБОГАТЕНА И СО ЗИП ЛИНИЈА.

ЦЕЛИОТ ПРОСТОР Е ИДЕАЛЕН ЗА ДЕТСКА ЗАБАВА НО АКЦЕНТОТ Е СТАВЕН И НА МОТОРИЧКИОТ РАЗВОЈ КАЈ НАЈМАЛИТЕ.

ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА Е 2 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ ОД БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ВИСИНА ОД 1,4 МИЛИОНИ ДЕНАРИ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО УЧЕСТВО ОД 600 000 ДЕНАРИ.







С. МАРЕНА ДОБИВА УРЕДЕН И МОДЕРЕН КЕЈ НА ОВЧКА РЕКА.

ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ ФАМИЛИЈАТА КАМЧЕВИ КОИ СЕ ИНВЕСТИТОРИ НА ОВОЈ ПРОЕКТ ПРЕКУ ФОНДАЦИЈАТА ИЛИЈА КАМЧЕВ.

ИНВЕСТИЦИЈАТА Е ВО ВРЕДНОСТ ОД 300 000 ЕВРА И СЕ ОЧЕКУВА ПРОЕКТОТ ДА БИДЕ РЕАЛИЗИРАН ЗА КРАТОК ПЕРИОД.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УПАТУВА ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ДО ФАМИЛИЈА КАМЧЕВИ ЗА ОВАА ДОНАЦИЈА КОЈА ВО ЦЕЛОСТ ЌЕ ГО ПРОМЕНИ ЛИКОТ НА НАШАТА МАРЕНА. КАМЧЕВИ ЧИЕ ПОТЕКЛО Е ТОКМУ ОД С.МАРЕНА СО ОВАА ДОНАЦИЈА ЌЕ ОСТАВАТ БЕЛЕГ И ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ КАКО ЗА СЕГАШНИТЕ ТАКА И ЗА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦАТА „ДОСТОЕВСКА", СО ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 700 $М^2$ ПО ПРЕТХОДНО ИЗВРШЕНОТО ТАМПОНИРАЊЕ, СЕ РЕАЛИЗИРА КАКО ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2025 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ Е „ГРАДБА ПРОМЕТ".

ПРЕТХОДНО, ЈП „КОМУНАЛЕЦ" ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА НА ГЛАВНАТА МРЕЖА, КАКО И НА СЕКУНДАРНИТЕ ПРИКЛУЧОЦИ.





НАПРЕДУВААТ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „ЗАДРУГАРСКА". ВО МОМЕНТОТ СЕ ВРШИ ИЗРАБОТКА НА ПОСТЕЛИЦА СО ТАМПОН ОД ДРОБЕН КАМЕН, ПО ШТО СЛЕДУВА АСФАЛТИРАЊЕ НА ЦЕЛАТА УЛИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 250 МЕТРИ И ШИРИНА ОД 6 МЕТРИ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ОД 5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА БИО ПАЗАРОТ ВО КАВАДАРЦИ

ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ОБЕЗБЕДИ СОВРЕМЕН, УРЕДЕН И СЕРТИФИЦИРАН ПРОСТОР КАДЕ ЛОКАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ, ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ И МАЛИ СЕМЕЈНИ БИЗНИСИ ЌЕ МОЖАТ ДИРЕКТНО ДА ГИ ПРОДАВААТ СВОИТЕ ПРОИЗВОДИ, БЕЗ ПОСРЕДНИЦИ, ПО ФЕР ЦЕНИ, СО ЗГОЛЕМЕНА ДОВЕРБА ОД ПОТРОШУВАЧИТЕ. СО ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ ИНВЕСТИРАМЕ ВО ТРИ СТОЛБА – ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ, ЕКОНОМСКАТА МОЌ НА НАШИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ И ОДРЖЛИВАТА ИДНИНА НА КАВАДАРЦИ.

БИО ПАЗАРОТ ЌЕ БИДЕ ПОДЕЛЕН НА 15 ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ.

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 26.500.000 ДЕН ПЛУС ДДВ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА ВО С.ВОЗАРЦИ. ОТКАКО ПРЕТХОДНО ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ БЕШЕ ИЗВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА И ТАМПИНИРАЊЕ, ДЕНЕС СЕ ВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 500 МЕТРИ КВАДРАТНИ.







МУЛЧИРАЊЕ – ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ОД СТРАНА НА СЛУЖБИ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ МУЛЧИРААТ СИТЕ ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ

НОВИОТ ОБЈЕКТ „ВИНОЖИТО“ ВО РАМКИ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА“ ВО СЕЛО СОПОТ УСПЕШНО ФУНКЦИОНИРА. ВО СОВРЕМЕНО УРЕДЕН И БЕЗБЕДЕН ПРОСТОР, ДЕЦАТА ДОБИВААТ КВАЛИТЕТНА ГРИЖА, ВОСПИТАНИЕ И МОЖНОСТ ЗА ПРАВИЛЕН РАН РАЗВОЈ. СО ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА ПРОДОЛЖУВАМЕ ПОСВЕТЕНО ДА СОЗДАВАМЕ ЕДНАКВИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ДЕЦА, ВЛОЖУВАЈЌИ НЕ САМО ВО УРБАНИТЕ, ТУКУ И ВО РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ. ПРАВИМЕ СЕ ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА ДА ОБЕЗБЕДИМЕ ПОДОБРА ИДНИНА ЗА МЛАДИТЕ ГЕНЕРАЦИИ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЦЕЛАТА ОПШТИНА.





# НАСТАНИ

ВО ОПШТИНСКАТА САЛА ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ПОСВЕТЕНА НА ЗГРИЖУВАЊЕТО НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА, СО ЦЕЛ ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ОВАА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ДА СЕ ИНФОРМИРААТ ЗА МОЖНОСТА ДА СТАНАТ ЗГРИЖУВАЧИ. НА НАСТАНОТ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОС ДЕТСКО СЕЛО ГИ ПРЕЗЕНТИРАА ОСНОВНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА ЗГРИЖУВАЊЕ, ЗНАЧЕЊЕТО НА СЕМЕЈНАТА ГРИЖА И УЛОГАТА НА ЗАЕДНИЦАТА ВО СОЗДАВАЊЕ СИГУРНА И ПОДДРЖУВАЧКА СРЕДИНА ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОСТАНУВА ПОСВЕТЕНА НА ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА ПОДОБРА ГРИЖА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ЗА ЈАКНЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА.

ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕТО, ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ГРАЃАНИ МОЖАТ ДА СЕ ОБРАТАТ НА
075 277 447





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАКО ПАРТНЕР СО СОС ДЕТСКО СЕЛО АКТИВНО УЧЕСТВУВА ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ (YOUTH EMPLOYMENT PROJECT – YEP).

ДЕНЕС, ВО РАМКИ НА СТУДИСКАТА ПОСЕТА ОРГАНИЗИРАНА ОД СТРАНА НА СОС ДЕТСКО СЕЛО, БЕШЕ ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО ДЕЛЕГАЦИЈА ОД КОСОВО СОСТАВЕНА ОД ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕЛЕВАНТНИ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ГО СПОДЕЛИ ИСКУСТВОТО ОД ЕДНОГОДИШНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ, КАКО И АКТИВНОСТИТЕ И МЕРКИТЕ ШТО ОПШТИНАТА ГИ ПРЕЗЕМА ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ И НИВНАТА ВРАБОТЛИВОСТ.

СРЕДБАТА ПРЕТСТАВУВАШЕ ЗНАЧАЈНА МОЖНОСТ ЗА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА, ДОБРИ ПРАКТИКИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА МЛАДИТЕ





# НАСТАНИ

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРАЦИ ЗАСТАПУВАНА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗЕЛЕН ИНСТИТУТ ОД СКОПЈЕ.

ЦЕЛТА НА ОВОЈ МЕМОРАНДУМ Е ДА СЕ ПРИДОНЕСЕ КОН ТРАНЗИЦИЈА КОН " НУЛА ОТПАД" ОПШТИНА, ПРЕКУ СИСТЕМСКО ПОДОБРУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО БИО-ОТПАДОТ, СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО И РИЗИЦИТЕ ОД ПОЖАРИ НА СТРНИШТАТА, ВО ШУМИТЕ И НАСЕЛБИТЕ, ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА РЕСУРСИТЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИСТО ТАКА, ЌЕ ДОБИЕ И ПРЕДФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА АНАЛИЗА, ФИНАНСИСКА ПРОЦЕНКА И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН МОДЕЛ.

---

ПО ПОВОД 45 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА „ТИГАР“, УПАТУВАМ БЛАГОДАРНОСТ ЗА ПОКАНАТА И ИСКРЕНИ ЧЕСТИТКИ ДО СИТЕ НЕЈЗИНИ СЕГАШНИ И ПОРАНЕШНИ ПРИПАДНИЦИ. ВАШАТА ХРАБРОСТ, ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И ПОЖРТВУВАНОСТ ПРЕТСТАВУВААТ СИЛЕН СТОЛБ НА БЕЗБЕДНОСТА НА МАКЕДОНИЈА И ГРАЃАНИТЕ И ПРИМЕР ЗА ЧЕСТ, ДИСЦИПЛИНА И СЛУЖБА ВО ИНТЕРЕС НА ОПШТЕСТВОТО.





---

КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ОДРЖА ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „РОДОВА ЕДНАКВОСТ“ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ ВО ВАТАША.

ЦЕЛТА НА РАБОТИЛНИЦАТА БЕШЕ ДА СЕ ПОДИГНЕ СВЕСТА КАЈ МЛАДИТЕ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ, ПОЧИТУВАЊЕТО НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ И ГРАДЕЊЕТО НА ОПШТЕСТВО БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА. ПРЕКУ ИНТЕРАКТИВНА ДИСКУСИЈА И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ, УЧЕНИЦИТЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА НАУЧАТ ПОВЕЌЕ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И НЕЈЗИНАТА ВАЖНОСТ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ.



КОМИСИЈАТА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО ИДНИНА СО ВАКВИ АКТИВНОСТИ СО ЦЕЛ ЕДУКАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА ОПШТЕСТВО ЗАСНОВАНО НА ПОЧИТ, ЕДНАКВОСТ И ТОЛЕРАНЦИЈА.

# НАСТАНИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЈА ЗАЈАКНУВА МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА СО ОПШТИНА РОСОМАН.
ДЕНЕС Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОНИРАА ЦИСТЕРНА СО КАПАЦИТЕТ ОД 8000 ЛИТРИ ВОДА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ РОСОМАН. ИСТАТА Е ВО ЦЕЛОСНО ИСПРАВНА СОСТОЈБА И Е ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОВА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ. НА ПРИПОПРЕДАВАЊЕТО БЕШЕ ПРИСУТЕН И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА РОСОМАН ЃОРЃИ КРСТЕВСКИ.




КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИСУСТВУВАШЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА „ЛОКАЛЕН КОМПАС КОН ЕДНАКВОСТ: ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВИОТ КОНЦЕПТ ВО ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ“. НАСТАНОТ БЕШЕ НАСОЧЕН КОН ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СВЕСТА И ПРАКТИКИТЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО КРЕИРАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОСТАНУВА ПОСВЕТЕНА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ И ГРАЃАНКИ ПРЕКУ АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ВАКВИ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРИМЕНА НА ПРИНЦИПИТЕ НА ИНКЛУЗИВНОСТ И ЕДНАКВОСТ ВО СВОЕТО РАБОТЕЊЕ.




ПРИПАДНИЦИТЕ ОД ИСЛАМСКАТА ВЕРОИСПОВЕД ГО ОДБЕЛЕЖУВААТ СВЕТИОТ МЕСЕЦ РАМАЗАН, МЕСЕЦ НА ПОСТОТ, ДУХОВНОСТА И СОЛИДАРНОСТА.
ПО ТОЈ ПОВОД, ПО ЕДИНАЕСЕТТИ ПАТ БЕШЕ ОРГАНИЗИРАНА ИФТАРСКА ВЕЧЕРА ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, МИТКО ЈАНЧЕВ, ЗАЕДНО СО МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ. НА ЗАЕДНИЧКАТА ВЕЧЕРА ПРИСУСТВУВАА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА, ПРАТЕНИКОТ ЗОРАН ЈОВАНЧЕВ, КАКО И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СТОЈАНЧЕ РАМОВ.



НАСТАНОТ ПРЕТСТАВУВАШЕ МОЖНОСТ ЗА ЗАЕДНИЧКО ДРУЖЕЊЕ, МЕЃУСЕБНА ПОЧИТ И ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА СОЖИВОТОТ И СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ СИТЕ ГРАЃАНИ ВО НАШАТА ОПШТИНА.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМ ПОСАКУВА НА СИТЕ ВЕРНИЦИ ОД ИСЛАМСКАТА ВЕРОИСПОВЕД МИРНИ И БЛАГОСЛОВЕНИ ДЕНОВИ ВО ТЕКОТ НА СВЕТИОТ МЕСЕЦ РАМАЗАН, ИСПОЛНЕТИ СО ЗДРАВЈЕ, БЛАГОСОСТОЈБА И ДУХОВЕН МИР.

# НАСТАНИ

САЕМ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И КАРИЕРНИ МОЖНОСТИ ЗА МЛАДИТЕ.

НАСТАНОТ Е ОРГАНИЗИРАН ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА МЛАДИ КРЕАКТИВ, ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ 2 – ВАРДАРСКИ РЕГИОН", КОЈ СЕ СПРОВЕДУВА ВО СОРАБОТКА СО СОС ДЕТСКО СЕЛО. ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЈА ЗГОЛЕМИ ВРАБОТЛИВОСТА НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА НИВНИТЕ ВЕШТИНИ, КАРИЕРНО НАСОЧУВАЊЕ И ДИРЕКТНО ПОВРЗУВАЊЕ СО КОМПАНИИ И РАБОТОДАВАЧИ ОД РЕГИОНОТ, СО ШТО СЕ СОЗДАВААТ НОВИ МОЖНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ.





ИМАВМЕ ОСОБЕНА ЧЕСТ ДА БИДЕМЕ ДОМАЌИНИ НА СТУДЕНТИ И ПРОФЕСОРИ ОД УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ.

КАКО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, ПОСВЕТЕНО РАБОТИМЕ НА ОТВОРАЊЕ МОЖНОСТИ ЗА МЛАДИТЕ И НИВНО АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ТЕКОВИ. СРЕДБАТА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРЕТСТАВУВАШЕ ОДЛИЧНА МОЖНОСТ ЗА РАЗМЕНА НА ИДЕИ, СТАВОВИ И ВИЗИИ ЗА ИДНИНАТА, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА УЛОГАТА НА МЛАДИТЕ КАКО ДВИГАТЕЛИ НА РАЗВОЈОТ.

ВО РАМКИ НА ПОСЕТАТА, ГОСТИТЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА ГО ПОСЕТАТ И ВИНСКИОТ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ, КАДЕ ОДБЛИСКУ СЕ ЗАПОЗНАА СО БОГАТОТО КУЛТУРНО И ВИНСКО НАСЛЕДСТВО НА НАШИОТ РЕГИОН. ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ Е ЕДЕН ОД КЛУЧНИТЕ СТОЛБОВИ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА, А ТОКМУ ВАКВИТЕ ПОСЕТИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА НЕГОВА ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА И ПРЕПОЗНАТЛИВОСТ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОСТАНУВА ОТВОРЕНА ЗА СОРАБОТКА СО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ВЛОЖУВА ВО ИНИЦИЈАТИВИ КОИ ГИ ПОВРЗУВААТ МЛАДИТЕ СО РЕАЛНИОТ СЕКТОР, СОЗДАВАЈЌИ УСЛОВИ ЗА НИВЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ГРАДЕЊЕТО НА ПОДОБРА ИДНИНА.







# СПОРТ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО „КАВАДАРЕЧКИ СРЦА“ ПРИСУСТВУВАШЕ НА ФУДБАЛСКИОТ НАТПРЕВАР ПОМЕЃУ ГФК ТИКВЕШ И ФК СИЛЕКС, СПОДЕЛУВАЈЌИ ЈА СПОРТСКАТА АТМОСФЕРА И ПОДДРШКАТА ОД ТРИБИНИТЕ. ТОКМУ ВАКВИТЕ НАСТАНИ СЕ МОЖНОСТ ЗА ДРУЖЕЊЕ, ЕДНАКВОСТ И ЗАЕДНИЧКА РАДОСТ, КАДЕ СПОРТОТ ГИ ОБЕДИНУВА СИТЕ БЕЗ РАЗЛИКА. ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ГРАДИМЕ ЗАЕДНИЦА ВО КОЈА СЕКОЈ ИМА СВОЕ МЕСТО, ПОДДРШКА И МОЖНОСТ АКТИВНО ДА УЧЕСТВУВА ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ.



ИЗБОР НА СПОРТИСТИ ЗА 2025 ГОДИНА

ВО ПРЕКРАСНА АТМОСФЕРА ВО ДОМ НА КУЛТУРАТА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ“ СЕ ОДРЖА ТРАДИЦИОНАЛНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЈУСПЕШНИТЕ СПОРТИСТИ ЗА 2025 ГОДИНА. НАСТАНОТ БЕШЕ ЗБОГАТЕН СО ПРИСУСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗОТ НА СПОРТОВИ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ, СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СПОРТИСТИ, ТРЕНЕРИ И БРОЈНИ ЉУБИТЕЛИ И ПОДДРЖУВАЧИ НА СПОРТОТ.

КАВАДАРЦИ ОТСЕКОГАШ ВАЖЕЛ ЗА РАСАДНИК НА СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ. ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ, ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ПРЕДВОДЕНА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ПОСВЕТЕНО РАБОТИ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ, ВЛОЖУВАЈЌИ ВО ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДДРШКА ЗА СИТЕ ДИСЦИПЛИНИ ШТО БЕЛЕЖАТ КОНТИНУИРАН НАПРЕДОК. СПОРТОТ НЕ Е САМО НАТПРЕВАРУВАЊЕ – ТОЈ Е ТЕМЕЛ ЗА ЗДРАВ ПСИХОФИЗИЧКИ РАЗВОЈ И ДИСЦИПЛИНА ОСОБЕНО КАЈ МЛАДИТЕ.

ИСКРЕНИ ЧЕСТИТКИ ДО СИТЕ НАГРАДЕНИ СПОРТИСТИ, НИВНИТЕ ТРЕНЕРИ И КЛУБОВИ ЗА ПОСТИГНАТИТЕ-РЕЗУЛТАТИ, ОСВОЕНИТЕ ПРИЗНАНИЈА И ЗА ДОСТОЈНОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА НАШИОТ ГРАД.

НАЈДОБАР СПОРТСКИ РАБОТНИК: ДАРКО ЦЕКОВ
НАЈДОБАР ТРЕНЕР: МАРТИН ДИМИТРИОВСКИ
НАДОБАР КОЛЕКТИВ: ЦЕНТАР ЗА БОРЕЧКИ ВЕШТИНИ БУДО КАВАДАРЦИ
НАЈДОБАР МЛАД СПОРТИСТ: НИКОЛА ПЕТРОВ
СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА: ДАНКА СТОЈКОВА




ПРОДОЛЖЕТЕ ХРАБРО И ПОСВЕТЕНО – УСПЕСИТЕ СЕ ДОКАЗ ДЕКА ТРУДОТ СЕКОГАШ СЕ ИСПЛАТУВА!
КАВАДАРЦИ СЕ ГОРДЕЕ СО ВАС!








# СПОРТ

ДАДОВМЕ СИЛНА ПОДДРШКА ЗА НАШИТЕ МОМЦИ ОД ГФК ТИКВЕШ 1930 КАВАДАРЦИ/FC TIKVES 1930 KAVADARCI ВО ДЕРБИТО ПРОТИВ ФК ШКУПИ.



ОД ТРИБИНИТЕ СО СИЛНА ПОДДРШКА ЗА НАШИТЕ РАКОМЕТАРИ ОД ГРК ТИКВЕШ ВО НАТПРЕВАРОТ ПРОТИВ РК БУТЕЛ.
ГОРДИ СМЕ НА БОРБЕНОСТА И СПОРТСКИОТ ДУХ ШТО ГО ПОКАЖУВААТ НА ТЕРЕНОТ. ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ГО ПОДДРЖУВАМЕ СПОРТОТ И МЛАДИТЕ ТАЛЕНТИ ВО НАШАТА ЗАЕДНИЦА!





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ОД ТРИБИНА СО ПОДДРШКА ЗА НАШИТЕ МОМЦИ ОД КК ТИКВЕШ ГОЛДЕН ИГЛ ВО ДУЕЛОТ ПРОТИВ МКК КУМАНОВО!






АЏИБАДЕМ СИСТИНА Е НОВИОТ СПОНЗОР ВО ГФК ТИКВЕШ
СО ОВАА СОРАБОТКА, НАШИОТ КЛУБ ДОБИВА СИЛЕН ПАРТНЕР КОЈ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОДОБРИ УСЛОВИ, РАЗВОЈ И ГРИЖА ЗА НАШИТЕ ФУДБАЛЕРИ.
ВЕРУВАМЕ ВО УСПЕШНА И ДОЛГОРОЧНА СОРАБОТКА ИСПОЛНЕТА СО НОВИ ПОБЕДИ И ЗАЕДНИЧКИ УСПЕСИ.
ЗАЕДНО ПОСИЛНИ



# ПРОЛЕТ ВО КАВАДАРЦИ

ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО НАШЕТО КАВАДАРЦИ ИЗГЛЕДА ПРЕКРАСНО
ЗАСАДЕНИТЕ ЦВЕЌИЊА ПОЧНАА ДА СЕ БУДАТ, УРЕДЕНИОТ ПРОСТОР И СОНЧЕВОТО ВРЕМЕ СОЗДАВААТ УБАВА АТМОСФЕРА ЗА ПРОШЕТКА И УЖИВАЊЕ ВО ДЕНОТ.
УБАВО Е КОГА ГРАДОТ НИ ЗРАЧИ СО БОЈА И ПОЗИТИВНА ЕНЕРГИЈА





СО ПУШТАЊЕТО НА ФОНТАНИТЕ, КАВАДАРЦИ ПОЛЕКА ЈА ДОБИВА СВОЈАТА ПРОЛЕТНА УБАВИНА ЗА УШТЕ ПОУБАВ И ПОЖИВ ГРАД








ОВА Е НАЈУБАВИОТ ПЕРИОД ОД ГОДИНАТА, ПЕРИОД КОГА ПРИРОДАТА ПОЧНУВА ДА СЕ БУДИ ОД ЗИМСКИОТ СОН. ДЕЧИЊАТА СЕ НЕСТРПЛИВИ ДА ГИ ПОЧУВСТВУВААТ СИТЕ УБАВИНИ НА ПРОЛЕТТА , СЛОБОДНОТО ТРЧАЊЕ ПО УБАВАТА ЗЕЛЕНА ТРЕВА И МИЛУВАЊЕТО НА СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ.
НАШИТЕ МИЛИ ДЕЧИЊА ОД ДЕТСКИ ГРАДИНКИ - РАДА ПОЦЕВА - КАВАДАРЦИ НЕ ИЗРАДУВАА СО ЦВЕТНО ДЕФИЛЕ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД, ПО ПОВОД ПРВИОТ ПРОЛЕТЕН ДЕН.







ПРОЛЕТ ВО КАВАДАРЦИ!
СО ДОАЃАЊЕТО НА ПРОЛЕТТА, НАШИОТ ГРАД ПОВТОРНО ОЖИВУВА ВО НАЈУБАВИТЕ БОИ. ЛАЛИЊАТА ЗАСАДЕНИ ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА ВЕЌЕ РАСЦУТАА И ГО РАЗУБАВУВААТ СЕКОЈ АГОЛ СО СВОЈАТА СВЕЖИНА И МИРИС.
ОВИЕ ПРЕКРАСНИ ЦВЕТОВИ СЕ РЕЗУЛТАТ НА СОРАБОТКАТА СО АМБАСАДАТА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА И ПОСВЕТЕНАТА РАБОТА НА СЛУЖБИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КОИ ЗАЕДНО ПРИДОНЕСОА ЗА ПОУБАВ И ПОЖИВОПИСЕН ГРАД.
ДА УЖИВАМЕ ВО ПРОЛЕТТА, ВО ПРИРОДАТА И ВО УБАВИНИТЕ ШТО НЕ ОПКРУЖУВААТ!





# ИНФОРМАЦИИ

ПРОЕКТОТ „МОЈ ОПШТИНАР“ ВЕЌЕ 8 ГОДИНИ АКТИВНО ФУНКЦИОНИРА И ПРЕТСТАВУВА ДИРЕКТНА ВРСКА ПОМЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И ОПШТИНСКИТЕ СЛУЖБИ. СО ЦЕЛ ПОВТОРНО ДА ВЕ ПОТСЕТИМЕ И ДА ЈА ОЛЕСНИМЕ КОМУНИКАЦИЈАТА, ВИ ГИ ОБЈАВУВАМЕ ЛИЦАТА ЗАДОЛЖЕНИ ПО РЕОНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ, ЗА ДА МОЖЕТЕ НАВРЕМЕНО И ДИРЕКТНО ДА ГИ КОНТАКТИРАТЕ ЗА СИТЕ ПРАШАЊА, ПРЕДЛОЗИ ИЛИ ПРОБЛЕМИ.



РЕОН БР.8 - ДИМИТАР РАДЊАНСКИ
М.З. ЗАДРУГАР
ОПФАЌА: С. МАРЕНА, С. СОПОТ
071 518 397
DIMITARRADNJANSKI@YAHOO.COM

РЕОН БР.1 И 3 - ЛАСКО КУЗМАНОВ
М.З. КУЛА И ДЕЛ ОД М.З. ЉУБАШ (СЕВЕРНО ОД МОШЕ ПИЈАДЕ)
ОПФАЌА: С. РЕСАВА, С. ДАБНИШТЕ, С. БЕГНИШТЕ, С. БРУШАНИ
071 328 504
LKUZMANOV@KAVADARCI.GOV.MK

РЕОН БР. 7 - АНЧЕ КОСТОВА
М.З. КИРО КРСТЕВ
ОПФАЌА: С. ШИВЕЦ, С. РАЕЦ, С. ФАРИШ, С. КЕСЕНДРЕ, С. ШЕШКОВО
072 422 170
ANCEKOSTOVA1@YAHOO.COM

РЕОН БР. 4 - СЛОБОДАН АНГЕЛОВСКИ
М.З. СТРАШО ПИНЏУР, М.З. ГЛИШИЌ
ОПФАЌА: С. ГАРНИКОВО, С. СТРАГОВО, С. КРЊЕВО, С. ГОРНА БОШАВА, С. ДОЛНА БОШАВА, С. ЧЕМЕРСКО, С. БОХУЛА, С. РАДЊА, С. БОЈАНЧИШТЕ, С. КОНОПИШТЕ
071 408 207
SLOBODANANGELOVSKI985@GMAIL.COM

РЕОН БР. 10 - РОЗА ГРКОВА
М.З. ВАТАША
ОПФАЌА: МЕСНОСТ МОКЛИШТЕ, С. ВОЗАРЦИ
072 307 390
RGRKOVA@GMAIL.COM

РЕОН БР. 2 - ТАЊА ЗЛАТЕВА
М.З. ЉУБАШ
ОПФАЌА: С. МРЕЖИЧКО, С. РОЖДЕН, С. МАЈДЕН
072 307 041
TZLATEVA1980@GMAIL.COM

РЕОН БР.6 - ВИШНА РИСТОВСКА ПЕТРОВ
М.З. БРАЌА ЦУНОВИ
ОПФАЌА: С. ДРЕНОВО
078 370 769
RISTOVSKA_VISHNA@YAHOO.COM

РЕОН БР. 9 И 5 - ВИКТОРИЈА ЧОЧЕВА
М.З. БРАЌА ДОСЕВИ, М.З. СЛОГА
071 408 206
VIKTORIJA@KAVADARCI.GOV.MK

ОПШТИНАТА ОСТАНУВА ОТВОРЕНА И ДОСТАПНА ЗА СИТЕ. ЗАЕДНО ПОБРЗО И ПОЕФИКАСНО ГИ РЕШАВАМЕ ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ВАШАТА МЕСНА ЗАЕДНИЦА

---

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЈА ЗАВРШУВА 2025 ГОДИНА СО ДОБИВКА ОД РЕЧИСИ 100.000 ЕВРА, ШТО ПРЕТСТАВУВА ПОЗИТИВЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ И СТАБИЛНО РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО.

јавно претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ

ВО УСЛОВИ КОГА ГОЛЕМ ДЕЛ ОД ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ДРЖАВАТА СЕ СООЧУВААТ СО ФИНАНСИСКИ ПРЕДИЗВИЦИ, ВАКВИОТ РЕЗУЛТАТ ПОКАЖУВА ДЕКА СО ОДГОВОРНО УПРАВУВАЊЕ И РАЦИОНАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА РЕСУРСИТЕ МОЖЕ ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ОДРЖЛИВО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ПОНАТАМУ ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА РАБОТИ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ.

НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД Е ПОСТАВЕН ВИДЕО БИМ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ.
ОВОЈ МОДЕРЕН ВИДЕО БИМ ЌЕ СЛУЖИ ПРЕД СÈ ЗА НАВРЕМЕНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ, ОБЈАВУВАЊЕ ВАЖНИ ИЗВЕСТУВАЊА И СПОДЕЛУВАЊЕ НОВОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА НАШЕТО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАКО И СО ОСТАНАТИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНСТИТУЦИИ ВО ОПШТИНАТА.
СО ОВА ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ЈА УНАПРЕДУВАМЕ КОМУНИКАЦИЈАТА СО ГРАЃАНИТЕ И ДА ПРИДОНЕСУВАМЕ КОН ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ.



ЧЕКОР НАПРЕД ВО ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ОД ОВОЈ МЕСЕЦ, ГРАЃАНИТЕ ИМААТ ДОСТАПНОСТ ДО СИТЕ ИЗДАДЕНИ ОДОБРЕНИЈА ЗА ГРАДБА. СО ОВАА ВЕБ СТРАНА , ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ЗГОЛЕМУВА И ТАКА ВИСОКОТО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ.
СИСТЕМОТ ГИ СОДРЖИ СИТЕ ПОТРЕБНИ ИНФОРМАЦИИ ОКОЛУ ДОЗВОЛИТЕ ЗА ГРАДБА, ОД БРОЈ НА ОДОБРЕНИЕ, БРОЈ НА ПАРЦЕЛА, ИНВЕСТИТОР И РОК ЗА ГРАДБА ( ГРАДБА, НАДГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ, ПОМОШЕН ОБЈЕКТ, ОГРАДУВАЊЕ И ФОТОВОЛТАИЦИ).






Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Шалева
Ивона Чачкова
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Цветанка Камчева
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**